Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
Детска градинка Гоце Делчев
Бр. 04-82/3
01.04 2026 год.
ИЛИНДЕН

# ОГЛАС

## за прибирање на понуди за услуга за фотографирање,осигурување и факултативни активности (странски јазик:англиски јазик и активности – модерен танц, балет и развој на моторика)

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка "Гоце Делчев"- Општина Илинден, со седиште на ул.534 бр.25 н.м.Марино, телефон за контакт 02/2571-345, факс 02/2571-345 и електронска адреса gradinka_gd@hotmail.com, претставувана од Директор, м-р Катерина Бојковска Јовчевска, објавува оглас за прибирање на понуди за услуга фотографирање, осигурување и факултативни активности (странски јазик – англиски јазик и активности – модерен танц, балет и развој на моторика) за воспитната 2026/27 година.

**I. Фотографирање и снимање на настани од активности;**

- **Предмет на огласувањето** е организирање на услуга- Фотографирање и снимање на настани од активности во текот на воспитната 2026/27 година.
- **Место на извршување на услугата**: Услугата фотографирање и снимање на настани ќе се врши во просториите на установата и на локации надвор од установата кои ќе ги одреди Директорот или од него овластено лице на установата;
- **Рок за извршување на бараната услуга:** Услугата фотографирање и снимање на настани ќе се врши по склучување на договор со определеното фото-студио и согласно упатствата добиени од Директорот и/или од него овластено лице, а согласно потребите на установата. Фото студиото е должно да ги поддржи настаните кои ги организира детската градинка и да обезбеди панорамски снимки (со дрон) , снимање и фогрaфирање.
- **Правата и обврските на договорните страни** ќе се регулираат со договор за деловна соработка.
- **Уплатата за дадената услуга (фотографирање и снимање)** ќе се реализира преку уплатница која ќе биде доставена до родителите, а ќе биде изработена од страна на фото-студиото.
- **Финансиската понуда** потребно е да содржи:

1) Цена за едно дете за:

- Единечна фотографија со (димензии 13x18), изработена во колор техника;
- Новогодишна честитка (димензии 15x10);
- Слика со новогодишен календар во А4 формат;
- Испечатено ДВД во хартиено пакување од настани организирани од страна на установата во времетраење не подолго од 90 минути.

2) Услови кои треба да ги исполнува една фирма-понудувач и документи кои треба да ги достави:

- Документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба;

Скенирано со CamScanner

- Изјава за сериозност- потпишана од овластено лице на фирмата-понудувач дека понудувачот ќе ја заврши договорената обврска во договорениот рок.

3) Во интерес на проценка на квалитетот на услугата, фирмата-понудувач пожелно е да достави примероци- урнеци и каталог (или список) на опрема која ќе се користи при вршење на услугата.

**II. Осигурување на деца од предучилишна возраст;**

- **Предмет на огласувањето** е обезбедување на услуга- Осигурување на деца од предучилишна возраст за воспитната 2026/27 година.
- **Начин на извршување на услугата**: Полисата за осигурување се изготвува врз база на доставени списоци на деца- осигуреници (податоци за име и презиме и датум на раѓање на децата) од страна на овластено лице од установата.
- **Рок за извршување на бараната услуга:** Услугата осигурување е потребно да се изврши по склучување на договорот за деловна соработка, а согласно потребите на установата.
- **Правата и обврските на договорните страни** ќе се регулираат со договор за деловна соработка.
- **Уплатата за дадената услуга (осигурување)** ќе се реализира преку уплатница која ќе биде доставена до родителите, а ќе биде изработена од страна на осигурителната компанија.
- **Финансиската понуда** потребно е да содржи:

1) Цена за:

- Осигурување од несреќен случај по дете (со опис на несреќни случаи за кои следи исплата со прилог информатор/брошура);
- Изготвување на групна осигурителна полиса.

Доколку постојат повеќе видови на услуги за истите на свој образец може да се даде финансиска понуда.

2) Услови кои треба да ги исполнува една фирма-понудувач и документи кои треба да ги достави:

- Документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба;
- Изјава за сериозност- потпишана од одговорно лице на фирмата-понудувач дека понудувачот ќе ја заврши договорената обврска во договорениот рок.

**III. Активности по странски јазици:англиски јазик;**

- **Предмет на огласување:** обезбедување на услуга- часови по странски јазик (англиски јазик);
- **Реализацијата на активностите:** часовите ќе се одржат во просториите на Ј.О.У.Д.Г "Гоце Делчев "-општина Илинден во термин и на начин кои ќе ги определи Директорот или од него овластено лице на установата два пати во неделата;

Скенирано со CamScanner

- **Времетраењето на активностите (часовите по странски- англиски јазик)** да биде минимум 30 минути;
- **Групите за следење активности по англиски јазик** ќе се организираат-формираат согласно потребите на установата не повеќе од 25 деца во група;
- **Активностите со децата потребно е да бидат реализирани:** од професори со соодветна стручна подготовка- ВСС – дипломиран професор по странски јазик (англиски);
- **Училиштето кое би организирало и реализирало активности по странски јазици** за своите вработени да приложи уредно заверена санитарна книшка за спроведен санитарен преглед;
- **Услугата за факултативна активност ќе се изврши:** по склучување на договор за деловна соработка со установата со кои ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни;
- **Начин на извршување на услугата:** Заинтересираноста за следење на активности од странски јазик ќе се утврди по конечно утврдување на прифатливи понуди од страна на Совет на родители, со спроведување на анкета на родителите (анкетата ја изработувате сами и ќе биде наменета за деца на возраст од 3-6 годишна возраст) – на крај анкетата ја сумирате вие како реализатор на активности по странски јазик и список на заинтересирани доставувате до архивата на установата;
- **Заради регулирање на правата и обврските со корисниците на услуга:** со родителите на децата потребно е да потпишете договор за давање услуга – активности по странски јазик;
- **Училиштето реализатор на активности по странски јазик** за секој изминат месец во текот на годината изготвува и доставува месечен извештај за користената услуга со наведен:
  - список на деца со име и презиме;
  - износ на месечно задолжение;
  - подмирени или неподмирени обврски;
- **Во финансиската понуда на понудувачот** треба да има повеќе опции за корисници на услуги и тоа цена за:
  - 1 (едно) дете цена на чинење на услуга
  - 2 (второ) дете од исто семејство цена на чинење на услуга
  - Училиштето за изучување на странски јазици кон понудата да приложи програма за работа со деца од предучилишна возраст;
  - Профил на професори кои би ги спроведувале активностите и да достави санитарна книшка за истите
  - Кон понудата потребно е да се достави и документ за регистрирана дејност
- **Уплатата на средствата од страна на родителите** ќе се реализира по пат на изготвени уплатници од страна на Давателот на услугата кои истиот ќе ги доставува до родителите.

Скенирано со CamScanner

**IV. Активности – модерен танц , балет и развој на моторика;**

- **Предмет на огласување:** обезбедување на услуга- активности за модерен танц, балет и развој на моторика;
- **Реализацијата на активностите:** часовите ќе се одржат во просториите на Ј.О.У.Д.Г. "Гоце Делчев"- општина Илинден во термини кои ги пропишува Директорот или од него овластено лице на установата и тоа најмалку два пати неделно;
- **Времетраењето на активностите**: часовите по модерен танц и балет да се минимум по 30 минути;
- **Групите за следење активности по модерен танц и балет** ќе се организираат- формираат согласно потребите на установата (не повеќе од 25 деца во термин);
- **Активностите со децата потребно е да бидат реализирани**: од лица со соодветна стручна подготовка;

  ВСС - факултет за музичка уметност или факултет за физичка култура (за инструктор)

  ССС – средно музичко или средно филскултурно училиште (за асистент)

  Часовите да ги оддржува инструктор и асистент
- **Давателот на услугата кој би реализирал активности по модерен танц и балет** за своите вработени да приложи уредно заверена санитарна книшка за спроведен санитарен преглед;
- **Услугата за факултативна активност ќе се изврши**: по склучување на договор за деловна соработка со установата со кои ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни;
- **Начин на извршување на услугата:** Заинтересираноста за следење на активностите по модерен танц и балет ќе се утврди по конечно утврдување на прифатливи понуди од страна на Совет на родители, со спроведување на анкета на родителите (анкетата ја изработувате сами и ќе биде наменета за деца на возраст од 3-6 годишна возраст) – на крај анкетата ја сумирате вие како реализатор на активностите по физичко воспитание и танц;
- **Заради регулирање на правата и обврските со корисниците на услуга**: со родителите на децата потребно е да потпишете договор за давање услуга – активности по модерен танц, балет и развој на моторика;
- **Давателот - реализатор на активностите по модерен танц и балет** за секој изминат месец во текот на годината изготвува и доставува месечен извештај за користената услуга со наведен:
  - список на деца со име и презиме;
  - износ на месечно задолжение;
  - подмирени или неподмирени обврски;

Скенирано со CamScanner

- **Во финансиската понуда на понудувачот** треба да има повеќе опции за корисници на услуги и тоа за:
  - 1 (едно) дете цена на чинење на услуга
  - 2 (второ) дете од исто семејство цена на чинење на услуга
  - Давателот на услугата за активностите по модерен танц и балет кон понудата потребно е да приложи програма за работа со деца од предучилишна возраст;
  - Профил на професори кои би биле задолжени за спроведување на активностите.
- **Уплатата на средствата од страна на родителите** ќе се реализира по пат на изготвени уплатници од страна на Давателот на услугата кои истиот ќе ги доставува до родителите.

**Рок за достава на финансиските понуди** е до 10.09 .2026 година, најдоцна до 13:00 часот.

Понудата да се достави во **писмена форма (затворен коверт) на адреса: ул.534 бр.25 н.м.Марино.**

**По реализација на седницата на Советот на родители на ЈОУДГ "Гоце Делчев"- Општина Илинден, по која ќе се разгледуваат понудите од понудувачите, следува Известување за избран деловен соработник истакнато на Огласна табла на Детската градинка.**

**Совет на родители**
**Претседател**
**Сања Атанасовска Блажевска**

Скенирано со CamScanner